# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.43 од 04.03.2014 година**

### Член 1

Во Законот за рамномерен регионален развој ("Службен весник на Република Македонија" број 63/2007 и 187/13), во членот 22 став (2) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „за време од четири години."

По ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласат:

„(3) Директорот се избира по пат на јавен оглас, објавен во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(4) За директор може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Македонија;
- да не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност, за времетраење на мерката,
- да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;
- да има најмалку пет години работно искуство по дипломирањето;
- да поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати за познавање на англиски јазик не постар од пет години: ТОЕФЕЛ со најмалку 74 бодови, ИЕЛТС со најмалку 6 бодови, ТОЛЕС базично познавање, ИЛЕК најмалку Б2 ниво или Кембриџ сертификат со најмалку Б1 ниво и
- да има положено психолошки тест и тест за интегритет."

### Член 2

Директорот на Бирото за регионален развој именуван пред денот на започнувањето на примената на овој закон продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

### Член 3

Одредбата од членот 1 од овој закон со која во членот 22 се додава нов став (4) алинеја 5 ќе започне да се применува по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.